Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р.М" број 27/14, 199/14 и 27/16, а во врска со член 11 од Законот за Царинската управа („Сл. весник на Р.М" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15 и 23/16), директорот на Царинска управа, донесе

**П РА В И Л Н ИК**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот**
**за систематизација на работните места во Царинската управа**

Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места на Царинската управа број 02-14736/1 од 06.10.2015 година (во натамошниот текст: Правилник) во членот 7 во делот посебни работни компетенции во алинеите 2 и 3 зборовите „или Аптис" се бришат.

Член 2

Во членот 8 во делот посебни работни компетенции во алинеја 3 зборовите „или Аптис" се бришат.

Член 3

Во членот 11 во делот работно искуство зборовите „или Аптис" се бришат.

Член 4

Во членот 12 во делот работно искуство зборовите „или Аптис" се бришат.

Член 5

Во членот 14 кај работното место „советник на директорот", во делот кај работните цели зборовите „ и раководење со работата на Секторот" се заменува со зборовите „и следење на работата на организационите единици во Царинската управа".

Член 6

Во член 14 точка 10 во Сектор за финансиски прашања, кај работното место „помошник директор на Сектор за финансиски прашања", кај работните задачи во алинеја 8 запирката се брише, а зборовите„гаранции и анализа" се заменуваат со зборовите „на приходи".

Во точка 10.1.1 во служба за сметководство и плаќања, кај работното место „самостоен советник за сметководство", кај работните задачи во алинеја 9, зборовите „член од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/09)" се заменуваат со зборот „закон".

Во точка 10.1.2 во служба за буџетска контрола и координација, кај работното место „шеф на служба за буџетска контрола и координација“, кај работните задачи во алинеја 6, зборовите „член 18 ставови 3 и 8 и член став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/09) "се заменуваат со зборот „закон“.

Во точка 10.1.2 во служба за буџетска контрола и координација, кај кај работното место „помлад соработник за буџетска координација“, кај работните задачи во алинеја 6, зборовите „член 47 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/09)" се заменуваат со зборот „закон“.

Член 7

Во член 14 во точка 11 во Сектор за административни и технички работи кај работното место „помошник директор на Сектор за административни и технички работи“, во видот на образование, зборовите „технологија на прехрамбени производи и текстилна технологија“ се заменуваат со зборовите „архитектура, урбанизам и планирање и градежништво и водостопанство“.

Во точка 11.3 во одделение за инвестиции и држување кај работните места „началник на одделение за инвестиции и одржување“ и „самостоен советник за објекти и градежно земјиште“, во видот на образование, зборовите „технологија на прехрамбени производи и текстилна технологија“ се заменуваат со зборовите„ архитектура, урбанизам и планирање и градежништво и водостопанство“.

Во точка 11.4 во одделение за управување со гранични премини кај работните места „началник на одделение за управување со гранични премини“, „самостоен советник за координација и обработка на податоци за царинарници“ и „советник за деловен и рекламен простор за гранични премини“, зборовите „технологија на прехрамбени производи и текстилна технологија“ се заменуваат со зборовите„ архитектура, урбанизам и планирање и градежништво и водостопанство“.

Во точка 11.4.1 во служба за управување со гранични премини за царинарници, кај работното место „шеф на служба за управување со гранични премини“ во видот на образование, зборовите „технологија на прехрамбени производи и текстилна технологија“ се заменуваат со зборовите „архитектура, урбанизам и планирање и градежништво и водостопанство“.

Член 8

Во членот 14 во точка 15.6 во царинска испостава Пелинце, кај називот на работното место „водач на смена во отсек за патнички промет во царинска испостава Пелинце“, зборовите „во отсек за патнички промет“ се бришат.

Член 9

По членот 14 се додаваат два нови члена 14-а и 14-б кои гласат:

„Член 14-а

Вработените во Царинската управа кои се распоредени на работни места за кои не го исполнуваат посебниот услов за стручни квалификации за нивото на работното место на кое се распоредени во однос на степенот на образованието, се должни да го исполнат условот најдоцна до 1 март 2022 година.

Вработените во Царинската управа кои нема да го исполнат посебниот услов најдоцна до 1 март 2022 година ќе бидат распоредени на работни места за кои го исполнуваат условот.

Ставот 1 на овој член не важи за вработените во Царинската управа кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од 13.02.2015 година.

Член 14-б

Царинскиот службеник кој засновал работен однос во Царинската управа и е распореден на работно место за кое е предвидена стручна квалификација според Македонската рамка на квалификации или ЕКТС заклучно со 18.02.2016 година, а видот на неговото образование е поинакво од видот на образованието утврдено во актот за систематизација на работни места согласно со Фраскатиевата класификација, при прераспоредување или унапредување ќе се смета дека ги исполнува условите по однос на видот на образованието.“

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии.

Бр.01-065421/15-0007
Скопје, 25-02-2016

Наташа Радеска Крстевска
Директор на Царинска управа

Согласноста од Министерство за информатичко општество и администрација на овој Правилник е дадена со акт број 12/6-1131/2 од 03.03 2016 година.

Согласноста од Министерство за финансии на овој Правилник е дадена со акт број 20-1454/2 од 04.03 2016 година.